RESOLVE NETWORK

**ИСТРАЖУВАЧКИ ПРИОРИТЕТИ**

КРАТОК ОПИС НА СОСТОЈБАТА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

# ИСТРАЖУВАЧКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА МАПИРАЊЕ НА НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ ВО РЕГИОНОТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН | 2019





## БРЗИ ФАКТИ

- Во услови на растечка закана од насилен екстремизам ширум светот, регионот на Западен Балкан се соочува со значајни предизвици во поглед на општествената кохезија и стабилноста.
- Потребно е поголемо разбирање на групите од крајната десница и на етнонационалистичките групи, нивната поврзаност со поранешни судири и со општествената динамика, нивното влијание врз локалната динамика, како и на нивната поврзаност со регионални и меѓународни чинители.
- Со зголемен фокус на насилната екстремистичка динамика на поединечно ниво, корупцијата може да биде неочекуван и неистражен фактор којшто придонесува кон насилен екстремизам и поширока државна и општествена несигурност.
- Креаторите на политиките и практичарите од Западен Балкан се заинтересирани подобро да разберат како насилните екстремистички групи ги привлекуваат младите.
- Подлабокото разбирање на екосистемите на општествениот и на политичкиот капитал во рамките на заедниците којшто ја зголемува нивната отпорност или подложност на насилен екстремизам е од витално значење за креаторите на политиките и за практичарите коишто работат на превенција на ниво на заедницата.
- Потребни се повеќе истражувања за земјите од Западен Балкан коишто репатрирале или судски гонеле граѓани коишто се вратиле од насилни екстремистички судири во странство за да се разбере подобро ефикасноста на одговорите на тие земји и да се соберат информации за идни заеднички активности за репатријација и реинтеграција.

# Контекст

Во услови на растечка закана од насилен екстремизам ширум светот, регионот на Западен Балкан се соочува со значајни предизвици во поглед на општествената кохезија и стабилноста. Како и насекаде во светот, наративите за верска, крајнодесничарска и националистичка борбеност одекнуваат кај ранливата популација на млади во земјите од Западен Балкан, каде што историјата на етнички, верски и граѓански судири создала состојба којашто е ранлива на регрутација на терористи дома и во странство. Лица коишто отишле во други земји за да се борат покрај насилни екстремистички организации се враќаат во своите матични земји по загуба на територии на екстремистичките групи во Сирија и во Ирак. Истовремено, етнонационалистичкиот екстремизам продолжува да добива на сила и да се шири низ целиот регион.[1]

Иако на некои од овие теми им е посветено поголемо внимание во тековната литература,[2] други и понатаму остануваат недоволно истражени. Исто така, за постојните теми за истражување потребни се повеќе теренски истражувања и подлабока концептуална основа. Празнините во нашето колективно разбирање коишто се јавуваат како резултат на горенаведеното укажуваат на потребата за натамошни истражувања за развојот на општествената динамика и на динамиката на насилниот екстремизам на Западен Балкан. Поригорозни и повтемелени истражувања во врска со ова можат да помогнат за подобро информирање и унапредување на активностите за спречување и борба против насилниот екстремизам во регионот.

Во 2019 година, RESOLVE Network организира средба на локални и на меѓународни експерти, со цел да разговараат за празнините во истражувањата и да изработат прелиминарна листа на истражувачките приоритети заради спречување и борба против насилниот екстремизам што прогресира на Западен Балкан.[3] Темите коишто се идентификувани подолу ја одразуваат нивната колективна стручност, длабинското согледување и посветеноста на континуирана анализа на тенденциите и на динамиката на насилниот екстремизам во регионот.

# Екстремистички групи од крајната десница на Западен Балкан

***На кој начин се одвива крајнодесничарската екстремистичка и етнонационалистичка динамика во регионот на Западен Балкан и во каков однос е со меѓународните мрежи?***

Како одговор на сѐ поголемото политичко и програмско внимание насочено кон лицата од Западен Балкан коишто отишле во Ирак и Сирија, литературата за радикализацијата и за насилниот екстремизам во регионот претежно е сосредоточена на исламска радикализација и исламски насилен екстремизам.[4] Иако се објавени истражувања и анализи за други видови екстремизам коишто се присутни во

1 Leonie Vrugtman, „Future Challenges of Violent Extremism in the Western Balkans," (Идни предизвици од насилен екстремизам на Западен Балкан) *Institute for Democracy and Mediation*, 2019, https://idmalbania.org/future-challenges-of-violent-extremism-in-the-western-balkans-february-2019/

2 Shpend Kursani, „Extremism Research Forum. Literature Review 2017-2018: Violent Extremism in the Western Balkans", (Форум за истражување на екстремизмот. Литературен преглед 2017-2018: Насилен екстремизам на Западен Балкан) *British Council*, февруари 2019 год., https://www.britishcouncil.al/sites/default/files/20fnl20kursani_literature20review20ii20-20erf.pdf.

3 Првата од двете средби беше организирана со Forum MNE и со Kosovar Centar for Security Studies како кодомаќини во април 2019 година во Подгорица, Црна Гора. Втората средба беше одржана во текот на Форумот за отпорност на Западен Балкан на International Republican Institute, одржан во декември 2019 година во Софија, Бугарија. Учесници во двете групи беа истражувачи, политички експерти и практичари од Албанија, Босна, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Во дискусиите во текот на софискиот Форум учествуваа и други учесници од Бугарија.

4 Shpend Kursani, „Extremism Research Forum" (Форум за истражување на екстремизмот).

регионот,[5] останува значителна празнина во разбирањето на динамиката на екстремизмот на крајната десница и на етнонационализмот. Учесниците од работните групи дискутираа за потребата од поголемо разбирање на групите од крајната десница и на етнонационалистичките групи, нивната поврзаност со поранешни судири и општествената динамика, особено во деведесеттите години од минатиот век, нивното влијание врз локалната динамика, демократските институции и политиката, како и на нивната поврзаност со регионалните и меѓународните актери. Следниве прашања произлегоа како клучни подрачја за понатамошно истражување заради обезбедување информации врз коишто ќе се засноваат политиките и практиката:

- Каква е моменталната слика на крајнодесничарските и на етнонационалистичките групи на Западен Балкан? Во која мера овие групи се меѓусебно поврзани и во која мера тие се влијателни во општествата од Западен Балкан?
- Каков дискурс и наративи користат екстремистичките групи од крајната десница во регионот на Западен Балкан?
  - Во која мера наследството од судирите во регионот ги потхранува наративите на крајната десница и ја подгрева ксенофобијата?
  - Во која мера во наративите на крајната десница во регионот се користи меѓународната динамика, вклучително и имиграцијата од Блискиот Исток, Африка и од други места, како и процесот на пристапување во Европската Унија и дискусиите, и на кој начин?
- Како другите видови екстремистички групи и наративи реагираат на екстремистичките групи од крајната десница и на нивниот дискурс и обратно?
- На кој начин меѓусебно дејствуваат екстремистичките групи од крајната десница од Западен Балкан?
- На кој начин крајнодесничарските наративи и групи влијаеле врз ставовите и врз довербата во демократските вредности?
- Дали екстремистичките групи на крајната десница од Западен Балкан се поврзани со постојните структури на моќ или со политички партии?
- На кој начин екстремистичката идеологија на крајната десница влијае врз официјалната државна политика?
- Како одговараат владите на екстремизмот на крајната десница во регионот? Какво влијание има тоа врз неговото ширење или продолжување?
- На кој начин влијаат странските сили врз екстремистичките групи од крајната десница во регионот на Западен Балкан?

---

5 Luke Kelly, „Overview of research on far right extremism in the Western Balkans“, (Преглед на истражувањето на екстремизмот на крајната десницаво регионот на Западен Балкан.) *K4D* Helpdesk Report, 2019, Brighton, UK: Institute of Development Studies, https://assets.publishing.service.gov.uk/media/5d309f7aed915d2fe9ea6aec/620_Western_Balkans_far_Right.pdf Примери од литературата за други видови екстремизам коишто се присутни во регионот опфаќаат: Marina Lažetić, „’Migration Crisis’ and the Far Right Networks in Europe: A Case Study of Serbia“, (‘Миграциската криза’ и крајнодесничарските мрежи во Европа: Студија на случај на Србија) *Journal of Regional Security* 13, 2018, https://doi.org/10.5937/jrs13-19429; Marija Đorić, *Ekstremna desnica: međunarodni aspekti desničarskog ekstremizma* (Екстремизам на десницата: Меѓународни аспекти на десничарскиот екстремизам) (Белград: Udruženje Nauka i društvo Srbije, 2014); Valery Perry, *Extremism and Violent Extremism in Serbia: 21st Century Manifestations of Historical Challenge*, (Екстремизмот и насилниот екстремизам во Србија: Манифестации на историскиот предизвик во 21 век) (Исто, 2019 год.); Marija Đorić, *Hooliganism: Extremism, Violence and Sports* (Хулиганство: екстремизмот, насилството и спортот) (Србија: Society of Science, 2012); Aleksandar R. Ivanovic, „Traditional Forms of Radicalism and Violent Extremism in the Western Balkans as the Main Challenge to Stability“, (Традиционални форми на радикализмот и насилниот екстремизам на Западен Балкан како главен предизвик за стабилноста) *Securitologia* 1, 2018, https://www.academia.edu/38249643/Traditional_Forms_of_Radicalism_and_Violent_Extremism_in_the_Western_Balkans_as_the_Main_Challenge_to_Stability

# Регрутирање на младите

***Дали младите претставуваат ранлива популација подложна на регрутирање за целите на насилниот екстремизам на Западен Балкан?***

Креаторите на политиките и практичарите од Западен Балкан се заинтересирани подобро да разберат како насилните екстремистички групи ги привлекуваат младите. Ангажираноста на младите е камен темелник на голем број проекти во регионот коишто се фокусирани на превенција, а чијашто цел е да ги зајакнат младите, односно да ја зголемат свеста меѓу младите во однос на знаците на радикализација.[6] Постојните истражувања на оваа тема ги испитуваат радикализацијата и регрутацијата на младите од Западен Балкан за секоја држава одделно. Меѓутоа, подетално разбирање на младите како повеќеслојна популациска структура и на начините на кои насилните екстремистички групи настојуваат да искористат или да ангажираат различни популации на млади е неопходно за осмислување и имплементација на ефективни програми за превенција засновани врз информации. Холистички родов пристап којшто опфаќа анализа и на мажите и на жените, како и на податоци поделени според родот и возраста, ќе биде важен за да се разберат нијансите на регрутацијата на младите ширум регионот.

Учесниците предложија спроведување на основни студии за да се добие сеопфатно разбирање на младите и на радикализацијата во земјите на Западен Балкан. Следниве прашања произлегоа како клучни подрачја за понатамошно истражување заради обезбедување информации врз коишто ќе се засноваат политиките и практиката:

- Како различните видови насилни екстремистички групи ги привлекуваат, радикализираат, регрутираат и мобилизираат младите од Западен Балкан? Дали ова се разликува од една до друга држава?
    - Која е целната публика на групите меѓу младата популација?
    - Кои наративи ги користат за да допрат до младите?
    - Кои методи или алатки ги користат за да ги привлечат младите?
- Каква е демографската распределба — род, возраст, итн. — на младите коишто се приклучуваат кон различни видови насилни екстремистички групи?
- Која е улогата на родот при регрутирањето, радикализацијата и мобилизацијата на младите?
- Во која мера достапноста на образование и видот на образование, вработувањето, како и можностите за општествено напредување во регионот ги прават младите од регионот поранливи или помалку ранливи на регрутирање?
- Во која мера наследството од етничките конфликти во регионот влијае врз младите денес? Дали етнонационалистичките наративи и наративите за виктимизација од претходните конфликти сè уште имаат влијание меѓу младите во државите од Западен Балкан?
- Во која мера емигрирањето на младите и „одливот на мозоци“ (емигрирање на талентирани и образовани поединци во други држави во потрага по поповолни можности за вработување и живот) влијаат врз општествената динамика и динамиката на насилните екстремисти на Балканот?
- Како младите ги разбираат и како гледаат на насилните екстремистички групи и наративи во регионот?

---

6 Eric Rosand, „Civil Society Organizations in Preventing and Countering Violent Extremism in the Western Balkans—Mapping Report“, (Граѓанските организации во спречување и борба против насилниот екстремизам на Западен Балкан- Извештај за мапирање о) *Forum MNE*, декември 2018 год., https://organizingagainstve.org/wp-content/uploads/2019/02/regional_report.pdf

# Заробување на државата, корупција и радикализација

***Каков е односот меѓу корупцијата и радикализацијата и насилниот екстремизам?***

Со зголемен фокус на насилната екстремистичка динамика на поединечно ниво, корупцијата може да биде неочекуван и неистражен фактор којшто придонесува кон насилен екстремизам и кон поширока државна и општествена несигурност. Некои теории ја истражуваат корупцијата како закана за безбедноста и за глобалната стабилност, покажувајќи како корупцијата на владата и клептократијата можат да го доведат огорченото население до крајни граници.[7] Учесниците ја истакнаа важноста од разгледувањето на заробена држава — корупција којашто вклучува партнерство меѓу политичките актери и поединци од деловниот сектор, кои користат политички процеси за да манипулираат со распределбата на државните ресурси и медиумите за да ги унапредат своите агенди — со цел подобро да се разбире тековната динамика поврзана со насилството и со нестабилноста во рамките на Западен Балкан.

Учесниците утврдија дека заробената држава неминовно создава чувство на незадоволство и ранливост. На Западен Балкан по конфликтот, каде што пристапите до политиката и до надлежноста засновани врз правата остануваат слаби, а распределбата на ресурсите, главно, се смета за политичка, учесниците теоретизираа дека практиката на заробувањето на државата може многу добро да влијае врз динамиката и тенденциите за радикализација. Меѓутоа, врската меѓу заробувањето на државата и радикализацијата во регионот останува неистражена. Ова станува особено загрижувачко со оглед на појавата на дискусии во регионот коишто укажуваат на потенцијални врски меѓу политичките елити и екстремистичките чинители.

Учесниците предложија истражување со вкрстено-споредбена студија на случај, со цел дополнително да се испита обемот на заробувањето на државата и нејзините врски со насилниот екстремизам во регионот за да се пополни оваа празнина во истражувањето. Следниве прашања произлегоа како клучни подрачја за понатамошно истражување заради обезбедување информации врз коишто ќе се засноваат политиките и практиката:

- Каков е односот меѓу корупцијата и радикализацијата и насилниот екстремизам во државите од Западен Балкан?
- Како корупцијата влијаела врз перцепцијата на граѓаните за нивните влади и врз способноста на нивните влади да управуваат и да обезбедуваат услуги? Дали тоа влијаело врз ставовите или манифестирањето на алтернативни форми на владеење?
- Каков е ефектот од нарушените и исполитизираните сектори за правда врз негувањето на чувството на незадоволство?
- Каков е односот меѓу политичките елити, верските институции и насилните екстремистички групи од Западен Балкан?
    - Како се манифестираат тие односи (на пример, системи на покровителство, безбедносни и полициски аранжмани итн.)?
    - Како се поттикнуваат, поддржуваат и негуваат овие врски?
- Како согледаните врски меѓу политичките и екстремистичките чинители и наративи влијаат врз состојбата на статус кво и практиките на етничко, расно и/или верско отуѓување во општествата од Западен Балкан?

---

7 Sarah Chayes, *Thieves of State: Why Corruption Threatens Global Security* (Крадците на државата: Зошто корупцијата претставува закана за глобалната безбедност) (New York: Norton, 2015)

- Каков е односот меѓу корупцијата и радикализацијата и насилниот екстремизам? Како корупцијата придонесува кон радикализација и како политичарите ја користат радикализацијата за да ја оправдаат корупцијата?
- На кој начин политичарите ја користат радикализацијата за да ги оправдаат своите активности? Дали тоа влијае или коинцидира со селективната дистрибуција на ресурсите и со пристапот до владејачките структури во рамките на општествата од Западен Балкан?

# Отпорност на заедницата

***Кои аспекти во рамките на заедниците од Западен Балкан ги прават овие заедници поотпорни, помалку отпорни или подложни на движечките сили на насилниот екстремизам?***

Економската и општествената кршливост во постконфликтните држави од Западен Балкан, како и во државите надвор од регионот, предизвика државите и заедниците да останат ранливи на надворешните движечки сили на нестабилност и несигурност.[8] Со постојните истражувања, иако ограничени, се испитува отпорноста на насилен екстремизам на регионално ниво и на ниво на државите, преку следење на односите меѓу поддршката на етнонационалистичкиот насилен екстремизам или на насилниот екстремизам лоциран во Ирак/Сирија и различните движечки сили на ранливост и отпорност. Ова истражување вклучува анализа на согледувањата за маргинализацијата, стремежот кон стабилност и посредништво, урбанизацијата, онлајн присуството, еманципирањето на жените, образованието, брачниот статус, вработеноста, верскиот и етничкиот идентитет и минатите трауми од насилен екстремизам.[9] Наспроти ова големо постојно знаење, учесниците ги забележаа преостанатите празнини во разбирањето на оваа динамика на хиперлокално ниво.

Учесниците од работните групи укажаа дека подлабокото разбирање на екосистемите на социјалниот и политичкиот капитал во рамките на заедниците којшто ја зголемува нивната отпорност или подложност на насилен екстремизам е од витално значење за креаторите на политиките и практичарите коишто работат на превенција на ниво на заедницата. Учесниците нагласија дека дефинициите на „отпорен" и на „ранлив" не треба да се користат за да се опишаат заедниците во целина—заедниците можат истовремено да покажуваат и ранливост и отпорност, што честопати и се случува.

Тие понатаму забележаа дека онлајн насилната екстремистичка пропаганда е прекумерно проучувана во регионот и често ја занемарува или превидува улогата на локалната комуникација и на активностите во ширењето на насилна екстремистичка пропаганда и на наративи на ниво на заедницата. Исто така, тие повикаа на понатамошни истражувања на ангажирањето на верските чинители во активностите за спречување и борба против насилниот екстремизам, напоменувајќи дека, иако верските чинители можат да бидат од помош во олеснувањето на дискусиите со одредено население во рамките на заедницата, не секогаш се смета дека тие имаат ист легитимитет и кредибилитет кај другите (особено младите). Учесниците повикаа на понатамошни истражувања со испитување на влијанието врз семејството, образованието и активностите по училишните часови при негувањето на отпорноста на ниво на заедница кон чинителите и реториката на насилен екстремизам. Други учесници ги наведоа емиграциските тенденции коишто потенцијално ги обележуваат или влијаат врз нивоата на отпорност на заедницата или на ранливост на влијание од насилен екстремизам.

---

8 Sabina Lange, Zoran Nechev, and Florian Trauner, „Resilience in the Western Balkans", (Отпорноста на Западен Балкан) *EU Institute for Security Studies*, 2017, https://www.ies.be/files/Report_36_Resilience%20in%20the%20Western%20Balkans_0.pdf.

9 Atlantic Initiative, „Countering Violent Extremism Baseline Program Research Findings—Bosnia & Herzegovina", (Наоди од истражувањето на основната програма за борба против насилниот екстремизам — Босна и Херцеговина), декември 2018 год., http://atlantskainicijativa.org/wp-content/uploads/CVE-Baseline-Research-Findings-December-2018.pdf.

Следниве прашања произлегоа како клучни подрачја за нпонатамошно истражување заради обезбедување информации врз коишто ќе се засноваат политиките и практиката:

- Дали граѓанските организации имаат достапни алатки и ресурси за да ги олеснат разговорите и да ја зголемат свеста за радикализацијата кај родителите, воспитувачите и кај други влијателни членови на заедницата коишто се ангажирани со младите?
- Кои општествени структури можат да спречат расправи или понатамошни согледувања за насилниот екстремизам во различни балкански заедници? Како овие општествени структури, во комбинација со долгогодишното наследство на недоверба и на општествени поделби засновани врз идентитетот влијаат врз отпорноста и ранливоста на заедницата на локално, регионално или пак, на државно ниво?
- Дали постои врска (позитивна или негативна) меѓу децентрализацијата на власта и отпорноста на заедницата на насилен екстремизам? Кои се компромисите меѓу активностите на централизираната власт за спречување и борба против насилниот екстремизам и одговорите на насилен екстремизам предводени од заедницата?
- Како може и како треба со програмите за спречување и борба против насилниот екстремизам да се ангажираат верските водачи во градењето на отпорноста на заедницата на насилен екстремизам?
- Дали граѓанскиот активизам околу прашањата поврзани со насилен екстремизам на ниво на заедницата ќе може да остане одржлив, особено од аспект на прашањата што се однесуваат на финансирањето и на сфаќањето за нивниот легитимитет?
- Во која мера програмите за спречување и борба против насилниот екстремизам го опфаќаат решавањето на основните општествени поделби? Дали постои улога за други програми коишто се насочени кон градење мир и зајакнување на граѓанското општество надвор од просторот за спречување и борба против насилниот екстремизам?
- Како меѓународното финансирање влијае врз природата и перцепциите на граѓанското општество на Западен Балкан?

# Траума и психосоцијални услуги

***Која е улогата на претходните трауми во процесот на радикализација и како може обезбедувањето психолошки услуги насочени кон справување со постконфликтни трауми да помогне во спречување на радикализацијата?***

Учесниците забележаа зголемен интерес за истражување на поврзаноста меѓу траумата и насилниот екстремизам. Некои истражувања укажуваат дека постојат можни врски меѓу радикализацијата и претходни трауми.[10] Меѓутоа, потребни се повеќе истражувања за да се разбере подобро улогата на траумата — лична и колективна — во радикализацијата, регрутирањето, деангажирањето и реинтеграцијата. Ова е од особена важност на Западен Балкан, регион што во блиското минато

10 Pete Simi, Bryan Bubolz, Hillary McNeel, Karyn Sporer, and Steven Windisch, „Trauma as a Precursor to Violent Extremism: How non-ideological factors can influence joining an extremist group“, (Траумата како претходник на насилниот екстремизам: Како неидеолошките фактори можат да влијаат врз приклучување кон екстремистичка група) *START*, април 2015 год., https://www.start.umd.edu/pubs/START_CSTAB_TraumaAsPrecursortoViolentExtremism_April2015.pdf; Radicalisation Awareness Network, „A mental health approach to understanding violent extremism“, (Пристап заснован врз менталното здравје насочен кон разбирање на насилниот екстремизам) RAC EX Post Paper, јуни 2019 год., https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/homeaffairs/files/what-we-do/networks/radicalisation_awareness_network/about-ran/ran-h-and-sc/docs/ran_hsc_prac_mental_health_03062019_en.pdf.

преживеал насилен конфликт и војни, којшто државјани заминале да живеат и да се борат на територии контролирани од терористички организации во Ирак и во Сирија и да се борат во Украина, а истовремено е и регион којшто го олеснил враќањето на стотици од овие лица назад во регионот.

Учесниците нагласија дека низ цел Западен Балкан остануваат широко распространети, но неразрешени траумите, стигмата и незадоволството коишто потекнуваат од историјата на конфликти на регионот.[11] Распространетите празнини во обезбедувањето психосоцијална помош при решавањето на траумите, минати и сегашни, сè уште опстојуваат. Учесниците забележаа дека се потребни понатамошни истражувања за да се разбере како долготрајното и сеприсутното ментално здравје и траумите поврзани со судирите во постконфликтните општества од Западен Балкан — во отсуство на услуги, поддршка и механизми за нивно решавање — можат да доведат до деструктивно и насилно однесување, вклучително, без ограничување, и до насилен екстремизам. Со понатамошни истражувања на нивоата и на влијанието на траумата на Западен Балкан ќе им се помогне на практичарите да изготват понасочени програми за превенција, интервенција и реинтаграција коишто ќе бидат засновани на разбирање на траумите, а самите овие програми ќе ги опфатат неопходните психолошки и општествени фактори.[12] Меѓутоа, учесниците забележаа дека постои слаб интерес, како во регионот така и меѓу меѓународните донатори, за финансирање на психосоцијални програми и програми коишто подразбираат разбирање на трауми, засновани врз информации, особено по истекување на периодот од дванаесет месеци од работата на донаторите.

Следниве прашања произлегоа како клучни подрачја за понатамошно истражување заради обезбедување информации врз коишто ќе се засноваат политиките и практиката:

- Колкав е степенот на траумата во заедниците на Западен Балкан и како различните нивоа на траума влијаат врз општествената кохезија и благосостојбата на ниво на семејството и на заедницата?
- Како траумата од претходните војни, насилства, раселувања, миграции итн. влијае врз нивоата на ранливост на насилство и на радикализација на индивидуално ниво?
- Како достапноста и обезбедувањето на професионална поддршка влијаат врз ранливоста и отпорноста на заедниците на наративите и на чинителите на насилен екстремизам?
- Кои се корисните психосоцијални практики и мерки за поддршка на ранливите поединци?
- Што може да се научи од другите земји коишто преживеале слични видови насилни општествени конфликти — на пример, Либан и Северна Ирска — и како тие можат да помогнат со своето искуство во изготвувањето на програми поврзани со трауми и психосоцијална поддршка на Западен Балкан?

---

11 Maya E. Lee, „Practices and Perspectives on Mental Health in the Balkan Countries: A Narrative Review“, (Практики и перспективи за менталното здравје во земјите на Балканот: Наративен преглед) *Indiana University Journal of Undergraduate Research*, 5 бр. 1 (септември 2019 год.) https://doi.org/10.14434/iujur.v5i1.26876.

12 Valerie De Marinis and Eolene Boyd-MacMillan, "A mental health approach to understanding violent extremism," (Пристап заснован врз менталното здравје насочен кон разбирање на насилниот екстремизам) *RAN Centre of Excellence*, June 3, 2019, https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/homeaffairs/files/what-we-do/networks/radicalisation_awareness_network/about-ran/ran-h-and-sc/docs/ran_hsc_prac_mental_health_03062019_en.pdf.

# Повратници и реинтеграција

***Како конкретниот контекст на поединец, заедница или држава влијае врз ефикасноста на иницијативите за деангажирање на насилните екстремисти и помирување?***

Прашањето за странските борци е во интересот на политиката на Западен Балкан од 2012 година. Повеќе од 1.000 државјани од Западен Балкан отишле во Ирак и во Сирија за да живеат и да се борат на територии контролирани од терористи. Според јавно достапните информации, бројот на лица коишто од Западен Балкан заминале да се борат во Украина е помал.

Денес државите од Западен Балкан продолжуваат да се борат со прашањето како да се справат со оние коишто се вратиле или би сакале да се вратат од овие конфликтни зони. Некои држави во регионот допрва треба да преземат конкретни чекори за реинтеграција или за прифаќање на враќањето на странските борци и на нивните семејства. Во други држави со слични искуства, структурите за поддршка на рана и на постојна реинтеграција остануваат зависни од достапноста на финансии, ресурси, како и од развојната динамика којашто е поврзана со насилните екстремистички конфликти во странство. Иако креаторите на политиките и практичарите имаат на располагање неколку ресурси за да помогнат во планирањето и имплементацијата на програмите за реинтеграција и во кривичноправните одговори, учесниците забележаа дека понатамошните истражувања треба да бидат насочени кон најдобрите практики за конкретниот поединец, заедница и држава во регионот. Освен тоа, учесниците искажаа дека се потребни повеќе истражувања за земјите од Западен Балкан коишто репатрирале или судски гонеле граѓани коишто се вратиле од насилни екстремистички судири во странство, за подобро да се разбере ефикасноста на нивните одговори и за да се обезбедат информации за идните напори за репатријација и реинтегрирање. Други учесници истакнаа дека, од сите прашања коишто се однесуваат на насилниот екстремизам, репатријацијата и реинтеграцијата на странските борци, коишто честопати се многу локализирани, имаат најмали последици врз поголемиот дел од граѓаните од регионот.

Следниве прашања произлегоа како клучни подрачја за понатамошно истражување заради обезбедување информации врз коишто ќе се засноваат политиките и практиката:

- Кои стратегии за деангажирање се во практика во моментов? Дали тие се покажале како ефикасни?
- Кои се неопходните услови за предизвикување бихевиорална и/или когнитивна промена меѓу радикализираната и насилна популација којашто се враќа од насилни екстремистички судири во странство?
- Што знаеме за дерадикализацијата?
- Која е конкретната динамика, кои се законите и искуствата коишто треба да се земат предвид при репатријација на млади повратници?
- Што особено треба да се земе предвид во врска со повратниците коишто се судски гонети и затворени по нивното враќање? Какви мерки треба да се преземат за да се ублажи потенцијалот за радикализација или за понатамошна радикализација меѓу повратниците коишто се сместени во затворскиот систем?
- Колку се ефикасни и одржливи пристапите за кривичноправно деангажирање и дерадикализација?
- Како кривичноправните одговори во државите од Западен Балкан се разликуваат за лицата коишто се враќаат од Ирак и од Сирија и за лицата коишто се враќаат од Украина?

## *За RESOLVE Серијата за работни групи за мапирање на истражувачките приоритети*

*RESOLVE Работните групи за мапирање на истражувачките приоритети имаат за цел да го олеснат развојот на тематски или специфични географски приоритети за истражување на насилен екстремизам врз основа на знаењето и експертизата на регионалните експерти, истражувачи и практичари за спречување и борба против насилниот екстремизам.*

*RESOLVE Network би сакала да им се заблагодари на учесниците во работните групи, како и на Forum MNE, Kosovar Centar for Security Studies (KCSS) и на International Republican Institute (IRI) занивното учество, експертиза, преглед и поддршка. Исто така, RESOLVE Network би сакала да им се заблагодари и на U.S. Department of State's Bureau for Conflict and Stabilization Operations за неговото дарежливо финансирање на овој Краток опис на приоритетите, на работните групи коишто обезбедуваа информации и на Истражувачката иницијатива на RESOLVE за Западен Балкан.*

*Информациите за RESOLVE Краток опис на истражувачките приоритети се обезбедени од учесниците во работните групи и тие ги одразуваат согледувањата, експертизата и ставовите на самите учесници. Ставовите во оваа публикација нужно не ги одразуваат ставовите на RESOLVE Network, Американскиот Институт за мир или на кој било субјект во владата на САД.*

*Објавено во октомври 2020 година.*

RESOLVE NETWORK

better research.informed practice.improved policy on violent extremism.

www.resolvenet.org

RESOLVE е лоцирана во Американскиот институт за мир и работи на надградување на деценискотo наследство на Институтот за силна ангажираност во заедниците погодени од конфликт.

United States Institute of Peace
Making Peace Possible